Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 јули 2019 година**

**Скопје, јули 2019 година**

**З А П И С Н И К**

**од Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 јули 2019 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и помошник нотар Сања Томовска.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членот на Владата на Република Северна Македонија Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

✓ Усвојување на Записник од 143-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 јули 2019 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Сублимиран табеларен извештај за степенот на реализација на инвестиционите програми за 2019 година на сите акционерски друштва во државна сопственост и јавни претпријатија основани од државата, заклучно со 30 јуни 2019 година**

## А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) Гости**

1. Информација за започнување постапка за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на МХЕЦ „Глажња" и МХЕЦ „Липково", со Физибилити студија за јавно приватно партнерство за реконструкција на МХЕЦ „Глажња" и МХЕЦ „Липково", со Предлог-одлука

2. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за начинот на издавање на сертификатот за безбедност, формата и содржината на образецот на барањето за издавање на сертификатот, образецот на сертификатот за безбедност и висината на трошоците во постапката за издавање на сертификатот за безбедност

4. Предлог-одлука за давање на согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија

5. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола

6. Информација за започнување на преговори за взаемно признавање на издадените одобренија за Овластен економски оператор меѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Царината на Народна Република Кина

7. Информација за досегашната работа и понатамошните потреби на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија

8. Информација за можноста за воспоставување на Регистарот врз основа на пријава (Noticed based registry, регистар на залог врз подвижни ствари)

9. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука

10. Информација за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука

11. Информација за плажите во с. Стење и с. Сливница

12. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, со Предлог-одлука

13. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

14. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (НУ Театар за деца и младинци Скопје)

**б) економски систем и тековна економска политика**

15. Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

16. Информација за намалување на концесиски надоместок за користење на дивечот во ловиштето бр.4 „Требовље" - Македонски Брод на концесионерот ДУТП „Петрин Лоџ" - ДООЕЛ село Требовље

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена, Г-производство, дистрибуција и сервиси КО Богданци, Општина Богданци, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Фалише, Општина Тетово, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Фалише, Општина Тетово, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Мислешево, Општина Струга, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на главен колектор за отпадни води за приклучување на селото Тимјаник со системот за отпадни води на Неготино, Општина Неготино, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена В1-образование и наука - ПОУ с.Калаузлија КО Калаузлија, Општина Радовиш, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за

изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стоваришта КО Демир Хисар, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Башино село, Општина Велес, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Острилска со реф. бр.253 КО Острилци, Општина Крушево, со Предлог-одлука

27. Предлог-одлука за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10(20)kv воздушен вод за приклучок на столбна ТС 10(20)/0.4 kv и столбна ТС 10(20)/0.4 kv, 250kva - Лоис Гемстон каменолом КО Кленоец, Општина Кичево

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на спортско - рекреативен центар Треска КО Глумово и КО Шишево, Општина Сарај, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Е2 - комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1mw КО Троботивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука

30. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец ТРАЈЧЕ ЗЕЛ - Митре Китанов од с.Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука

31. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Никола Павлов од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

32. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец

„АГРО БУМБАР - Стојанче Павлов“ од с.Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука

33. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Стојанче Ристов од с. Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука

34. Информација за потребата од склучување Анекс-договор на Договорот за проектот Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, склучен помеѓу Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од федералниот департмент за надворешни работи, дејствувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска агенција за развој и соработка и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа, број 02-2413/1 од 20.12.2017 година, со Анекс на договор

35. Информација за потребата од склучување Анекс-договор на Договорот за проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, број 09-8508/1 од 20.12.2017 година, со текст на Анекс договор

36. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку - гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018-2020 година, за алокацијата за 2018 година - CRIS 2018/041-473, со усогласен текст на Спогодба

37. Информација за подготвена Тендерска документација за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR)

**в) политички систем**

38. Предлог-закон за јавното обвинителство, по скратена постапка

39. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија, по скратена постапка

40. Предлог-закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Црна Гора, за размена и заемна заштита на класифицирани информации

41. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учество на Република Северна Македонија во „Европскиот корпус на солидарност“

42. Предлог-закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на граничниот премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) - Прешево (Република Србија)

43. Информација за примена на член 41 став (2) од Законот за извршување од страна на правните лица кои водат регистри во Република Северна Македонија

44. Информација со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2018 година

45. Информација во врска со потребата од спроведување процес на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи во Република Северна Македонија

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

46. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со нов текст на Ревидиран оперативен план

47. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги Каннафиелд ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

48. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Агроцентар ДОО Кочани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

49. Информација за учество на делегацијата на Република Северна Македонија на 43-от состанок на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО во Баку, Азербејџан

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

50. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „Горица", с.Белчишта, Општина Дебарца

51. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Коњски дол" К.О. Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари

52. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на локалитетот „Теово" с. Теово, Општина Чашка

53. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална - подземна вода на локалитетот „Герекарица" с.Варвара, Општина Сопиште

54. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Пагаруша", Општина Студеничани

55. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Кошарска Река", Општина Демир Капија

56. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварцит на локалитетот Кодра Лаго, Општина Кичево

57. Предлог-одлука за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и јаглеродна двооксид на локалитетот „с.Рибарци" , Општина Новаци

58. Предлог-одлука за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална и термална вода на локалитетот „Рудо Поле", с.Стрновец, Општина Старо Нагоричане

59. Предлог-одлука за пренесување право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

60. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата за продадено винско грозје

61. Предлог-решение за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“ и Предлог-решение за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Шпиље

**б) политички систем**

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Куманово (амбулантно возило, марка Цитроен, тип Џампер)

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Куманово (амбулантно возило, марка Рено, тип Мастер)

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

64. Предлог-закон за изменување на Законот за пожарникарството, поднесен од група пратеници

65. Барање за давање на автентично толкување на член 10 став 1 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/2006, 54/2007, 74/2012 и 99/2018), поднесено од пратеникот Трајчо Димков

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

66. Иницијатива од Петар Баришиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.92/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 и дел од член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/2013)

67. Иницијатива поднесена од Маргарета Куртиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.93/2019 за поведување на постапка за

оценување на уставноста на член 123-а од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015)

68. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018), поднесена од Новица Наков од Скопје

69. Иницијатива поднесена од Митко Чавков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.100/2019 за оценување на уставноста на член 1 и член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018)

70. Понуда од нотар Сашо Клисаровски од Скопје за размена на недвижен имот со Имотен лист бр. 4167 на КО Илинден на КП бр. 969 дел 2 викано место/улица Село

**д) други предлози**

71. Кадровски прашања

72. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

73. Тримесечен извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за период јануари - март 2019 година

74. Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на МЕР АД Скопје за периодот од 1.10.2018 година до 31.12.2018 година

75. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2019 година

76. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), структурата по банки-учеснички, како и состојбата на салдото-редовен полугодишен извештај на Развојна банка на Северна Македонија АД - Скопје

77. Полугодишен извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделство (кредити од компензациони фондови) - редовен полугодишен извештај

78. Информација за објавата за продажба на недвижни ствари во Куманово, Ваксинце и Лојане и движни ствари - три машини (имот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат Боро Петрушевски-Папучар АД Куманово), по пат на електронско јавно наддавање

79. Информација за преземени активности за воспоставување на Регистар за малигни заболувања

80. Информација за можноста од укинување на обврската за објавување на јавен оглас за првите вработувања во ново отворените фирми во насока на подобрување на деловното опкружување согласно со препораките на Извештајот на Doing Business 2019 година на Светска банка

81. Информација за преземените активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2019 година

82. Информација за модернизација на единствениот национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР и воведување на нови форми за вклучување во процесот на креирање на политики

83. Годишен извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог-закони од страна на министерствата за 2018 година, со Прашалник за оценка на процесот на консултации со засегнатите страни при подготовка на поединечни предлог-закони

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

84. Информација за обезбедување на заем за развојни политики од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка

85. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за национална безбедност

86. Информација со Предлог-текст на резолуција за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028

87. Информација со Предлог-одлука за доделување на средства од буџетот на Министерството за одбрана на Општина Неготино, за поправка на локалниот пат оштетен за време на одржувањето на вежбата „Одлучен Удар 19“

88. Информацијa за состојбата со платите и надоместоците на плати како и други проблеми со кои се соочуваат припадниците на територијалните противпожарни единици на Република Северна Македонија

89. Информација во врска со писмото од Европската комисија за усогласеноста на Законот за финансиска поддршка на инвестиции со правилата на ЕУ за државна помош, доставено до Секретаријатот за европски прашања на 13 јуни 2019 година

90. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2019 година

*
*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 143-та седница на Република Северна Македонија, одржана на 9 јули 2019 година.

*
*  *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Сублимиран табеларен извештај за степенот на реализација на инвестиционите програми за 2019 година на сите акционерски друштва во државна сопственост и јавни претпријатија основани од државата, заклучно со 30 јуни 2019 година**

Владата се информираше со Сублимираниот табеларен извештај за степенот на реализација на инвестиционите програми за 2019 година на сите акционерски друштва во државна сопственост и јавни претпријатија основани од државата, заклучно со 30 јуни 2019 година.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Во врска со точката „Извештај за реализирани инвестициони активности согласно Годишната инвестициона програма на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип до 30.6.2019 година“:

- се укажува на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип итно да ги преземе сите мерки со цел консултантот да ја заврши својата обврска, согласно Договорот, во спротивно ЈП ХС Злетовица-Пробиштип да ги покрене сите правни дејствија со цел да се заштити претпријатието и

- се укажува на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип итно да ги преземе сите мерки за забрзување на постапките за реализација на наведените проекти.

2. Во врска со точката „Извештај за инвестициони работи за степенот на реализација на инвестиционите програми за 2019 година заклучно со 30.6.2019 година на ЈПВ Лисиче-Велес“:

- се укажува на ЈПВ Лисиче-Велес до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да достави ревидирана инвестициона програма, во смисла да бидат прикажани реални планирања и

- се укажува на ЈПВ Лисиче-Велес да ги интензивира активностите за спроведување на Инвестиционата програма.

3. Во врска со точката „Извештај за степен на реализација на Инвестиционата програма за 2019 година, заклучно со 30.6.2019 година на ЈП Стрежево - Битола“, се укажува на ЈП Стрежево - Битола да ја преработи Инвестиционата програма во која ќе се прикажат реалните параметри и очекувања.

4. Во врска со точката „Динамика на реализација на капиталните инвестиции за 2019 година заклучно со 30.6.2019 година на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје“:

- се укажува на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје да ја преработи Инвестиционата програма во точките 1, 9 и 11, и истите да бидат прикажани во реални очекувања и

- се укажува на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје да одржи состанок со Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација на кој ќе се направи анализа за реалната бројка и квалификации на потребните вработувања.

5. Во врска со точката „Програма за работа и инвестициона програма на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје за период I-XII 2019 година“, се укажува на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје да ја преработи Инвестиционата програма во која би биле прикажани реалните очекувања.

6. Во врска со точката „Информација за степенот на реализација на Инвестиционата програма за 2019 година на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје“, се укажува на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој приоритетно да го разгледа Барањето на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и во рок од седум дена да одговори на истото, со цел да може Друштвото да отпочне со реализација на планираните активности.

7. Во врска со точката „Извештај за степенот на реализација на Инвестиционата програма за 2019 година, заклучно со 30.6.2019 година“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје:

- се укажува на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за Проектот за набавка на локомотиви и Проектот за набавка на патнички гарнитури, кои се финансирани од кредити од ЕБОР, да направи ревизија на договорите и да ги провери сите правни клаузули, со цел да се искористат сите правни можности за покренување на арбитражни постапки имајќи предвид дека не се испочитувани обврските од договорите, а со цел да се заштитат интересите на државата и

- се укажува на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, да подготви и во рок од 15 дена до Владата да достави информација за состојбата со локомотивите со правно и техничко образложение зошто е испорачана само една од договорените четири локомотиви, како и за моменталната состојба со патничките гарнитури, со причини зошто не е направен технички прием за истите.

Исто така, во информацијата да се даде посебен осврт за правните можности, со наведен надлежен арбитражен суд.

8. Во врска со точката „Извештај за степенот на реализација на Инвестиционата програма за 2019 година, заклучно со 30.6.2019 Година" АД Електрани на Северна Македонија - Скопје:

- се укажува на АД Електрани на Северна Македонија - Скопје до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да достави табела на планираните активности за периодот од 1.7.2019 година до 31.12.2019 година и

- се укажува на Управниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија - Скопје да подготви и во рок од 15 дена до Владата да достави акциски план за спроведување на Инвестиционата програма.

9. Во врска со точката „Информација за степен на реализација на Инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2019 година", се укажува на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да достави табела на планираните активности за периодот од 1.7.2019 година до 31.12.2019 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување постапка за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на МХЕЦ „Глажња" и МХЕЦ „Липково", со Физибилити студија за јавно приватно партнерство за реконструкција на МХЕЦ „Глажња" и МХЕЦ „Липково" и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на МХЕЦ „Глажња" и МХЕЦ „Липково", во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за начинот на издавање на сертификатот за безбедност, формата и содржината на образецот на барањето за издавање на сертификатот, образецот на сертификатот за безбедност и висината на трошоците во постапката за издавање на сертификатот за безбедност, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на преговори за взаемно признавање на издадените одобренија за Овластен економски оператор меѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Царината на Народна Република Кина и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Царинската управа, во рок од 30 дена, официјално да се обрати до Царинската управа на Народна Република Кина за добивање на став за интересот на Народна Република Кина за склучување на билатерален договор за взаемно признавање на издадените одобренија за Овластен економски оператор меѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Царината на Народна Република Кина.

2. Се задолжува Царинската управа во рок од 10 дена по добивањето на одговорот од Царинската управа на Народна Република Кина, да го информира Министерството за надворешни работи за интересот на Народна Република Кина.

3. Се задолжуваат Царинската управа, во соработка со Министерството за надворешни работи, во рок од 30 дена да ја информираат Владата за резултатите од преземените активности, наведени во точка 1, во врска со започнување на преговори за взаемно признавање на издадените одобренија за Овластен економски оператор меѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Царината на Народна Република Кина.

## Точка 7

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за досегашната работа и понатамошните потреби на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за воспоставување на Регистарот врз основа на пријава (Noticed based registry, регистар на залог врз подвижни ствари), ја усвои Информацијата и му укажа на Централниот регистар на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за правда и Министерството за финансии, да извршат анализа со цел да се утврди можноста за креирање на единствена правна рамка за обезбедени трансакции (залог, лизинг, фидуција), а за резултатите од анализата да ја информира Владата до 1 октомври 2019 година.

## Точка 9

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Државниот пазарен инспекторат да обезбеди мислење по материјалот од Службата за општи и заеднички работи и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за плажите во с. Стење и с. Сливница и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од 7 дена да формира работна група и да одржи работен состанок со претставници од Општина Ресен, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности и во рок од 14 дена до Владата да достави информација со можни предлог решенија.

## Точка 12

Владата по новиот текст на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата предлагачот да постапи по Извештајот од Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 14

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за намалување на концесиски надоместок за користење на дивечот во ловиштето бр.4 „Требовље“ - Македонски Брод на концесионерот ДУТП „Петрин Лоџ“ - ДООЕЛ село Требовље за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот податоците од дополнително доставени материјали да ги инкорпорира во текстот на Информацијата и да го приложи предлог Анексот кон договорот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 17

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси КО Богданци, Општина Богданци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс, со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси КО Богданци Општина Богданци, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Фалише, Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Фалише, Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Фалише, Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Фалише, Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Мислешево, Општина Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Мислешево, Општина Струга, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на главен колектор за отпадни води за приклучување на селото Тимјаник со системот за отпадни води на Неготино, Општина Неготино, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство текстот на Предлог-одлуката да го усогласи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена В1-образование и наука - ПОУ с.Калаузлија КО Калаузлија, Општина Радовиш, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена В1-образование и наука - ПОУ с.Калаузлија КО Калаузлија, Општина Радовиш, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стоваришта КО Демир Хисар, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стоваришта КО Демир Хисар, Општина Демир Хисар, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Башино село, Општина Велес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Башино село, Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Острилска со реф. бр.253 КО Острилци, Општина Крушево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Острилска со реф. бр.253, КО Острилци, Општина Крушево, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10(20)kv воздушен вод за приклучок на столбна ТС 10(20)/0.4 kv и столбна ТС 10(20)/0.4 kv, 250kva - Лоис Гемстон каменолом КО Кленоец, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на спортско - рекреативен центар Треска КО Глумово и КО Шишево, Општина Сарај, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на Предлог-одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 29**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Е2 - комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1MW КО Работивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец ТРАЈЧЕ ЗЕЛ - Митре Китанов од с.Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Никола Павлов од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец АГРО БУМБАР - Стојанче Павлов од с.Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Стојанче Ристов од с. Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување Анекс договор на Договорот за проектот Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, склучен помеѓу Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од федералниот департмент за надворешни работи, дејствувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска агенција за развој и соработка и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа, број 02-2413/1 од 20.12.2017 година, со Анекс на договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Анекс договорот за спроведување на Проект помеѓу Владата на Република Македонија и Швајцарија во врска со Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој.

2. Се овластува Горан Милевски, министер за локална самоуправа да го потпише Анекс договорот за спроведување на Проектот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарија во врска со Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување Анекс договор на Договорот за проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, број 09-8508/1 од 20.12.2017 година, со текст на Анекс договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Анекс договорот за спроведување на проект помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарија во врска со Програмата за Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој.

2. Се овластува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, во јули 2019 година, да го потпише Анекс договорот за спроведување на проектот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарија во врска со Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку - гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018-2020 година, за алокацијата за 2018 година - CRIS 2018/041-473, со усогласен текст на Спогодба и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку - гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018 - 2020 година, за алокацијата за 2018 година - CRIS 2018/041-473.

2. Се определува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку - гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018 - 2020 година, за алокацијата за 2018 година - CRIS 2018/041-473, на заедничката седница предвидена помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово.

Истовремено, Владата заклучи до потпишување на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку - гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018 - 2020 година, за алокацијата за 2018 година - CRIS 2018/041-473, Секретаријатот за европски прашања истата да ја усогласи во целост со Министерството за надворешни работи во однос на употребата на уставното име.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање на Акциската програма за преку - гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018 - 2020 година, за алокацијата за 2018 година - CRIS 2018/041-473, во рамки на максимално одобрените

износи на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

4. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, како оперативна структура за ИПА 2 Програмата за преку - гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово, да го информира Секретаријатот за европски прашања за преземените активности во насока на вклучување во Програмата на стратешки проект кој ќе се однесува на изградба на граничен премин помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово во близина на Блаце и дел од автопатот помеѓу двете граници, и да ги преземе потребните активности во рамки на своите надлежности како оперативна структура за Програмата, за резервирање на финансиските алокации од Програмата за 2018 - 2020 година за финансирање на овој стратешки проект.

## Точка 37

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за подготвена Тендерска документација за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), за наредната седница на Владата поради потребата од дополнително усогласување на Тендерската документација во смисла на прецизирање на обврските на јавниот (државата) и на приватниот партнер, висината на надоместоците, начинот на наплата, факултативноста и др.

## Точка 38

Владата го разгледа Предлог-законот за јавното обвинителство (најнов текст), го утврди како Предлог-закон за јавното обвинителство, по скратена постапка и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и м-р Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за јавното обвинителство, по скратена постапка доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр. 45-1849/1 од 5 март 2019 година.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија кој се донесува по скратена постапка и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и м-р Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.45-1645/1 од 5 март 2019 година.

## Точка 40

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Црна Гора, за размена и заемна заштита на класифицирани информации, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи а за повереници Наташа Дескоска директор во Министерството за надворешни работи и Стојан Славевски, директор на Дирекција за безбедност на класифицирани информации.

## Точка 41

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учество на Република Северна Македонија во „Европскиот корпус на солидарност", го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, а

за повереници Бети Јачева, директор во Министерството за надворешни работи и м-р Енвер Хусејин, државен секретар во Министерството за образование и наука.

**Точка 42**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на граничниот премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија ) - Прешево (Република Србија), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи, Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи и Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на член 41 став (2) од Законот за извршување од страна на правните лица кои водат регистри во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда да подготви измена на Законот за извршување со цел Централниот регистар на Република Северна Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности и Македонско Кредитно Биро АД на извршителите при спроведување на извршувањето за конкретен должник да доставуваат податоци од регистрите или евиденциите кои ги водат без надомест, административни такси и трошоци.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2018 година и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за правда, во рамки на Работната група за преглед и ажурирање на методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на анти - корупциската политика, да продолжи да презема активности за воспоставување и редовно користење на веб - апликацијата за Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупцијата, а за преземените активности да ја извести Владата на Република Северна Македонија во декември 2019 година.

**Точка 45**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со потребата од спроведување процес на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

**Точка 46**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со нов текст на Ревидиран оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати новиот текст на Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги Каннафиелд ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Каннафиелд ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Агроцентар ДОО Кочани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Агроцентар ДОО Кочани, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на делегацијата на Република Северна Македонија на 43-от состанок на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО во Баку, Азербејџан и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја реафирмира определбата да се зачува статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи и Националната комисија за УНЕСКО редовно да комуницира со Центарот за светско наследство и стручните тела на УНЕСКО за степенот на реализација на препораките и активностите кои државата ги презема во насока на зачувување на статусот на Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

3. Се препорачува на Општина Охрид и Општина Струга, да постапат по препораките од УНЕСКО, согласно обврските кои се во нивна надлежност, односно во рок од 10 дена да изготват акциски план со роковник за спроведување на препораките на УНЕСКО за обврски од надлежност на општините и во рок од два дена по усвојување на акциските планови од страна на советите на општините, да ги информираат Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Се препорачува на Советот на Општина Охрид, Советот на Општина Струга и Советот на Општина Дебарца да донесат одлуки за мораториум се до донесувањето на планот за управување со Охридскиот регион, во согласност со препораките на УНЕСКО и одлуките на Комитетот за светско наследство.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, под број 45-1912/1 од 28 мај 2019 година.

2. Секоја редовна седница на Владата во делот на предпреминување на Дневниот ред да стои информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

**<u>Точка 50</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „Горица", с.Белчишта, Општина Дебарца, во предложениот текст.

**<u>Точка 51</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Коњски дол" К.О. Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на локалитетот „Теово" с. Теово, Општина Чашка, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална - подземна вода на локалитетот „Герекарица" с.Варвара, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 54

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Пагаруша", Општина Студеничани, во предложениот текст.

## Точка 55

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Кошарска Река", Општина Демир Капија, во предложениот текст.

## Точка 56

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварцит на локалитетот Кодра Лаго, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 57

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и јагленороден двооксид на локалитетот „с.Рибарци" , Општина Новаци, во предложениот текст.

## Точка 58

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална и термална вода на локалитетот „Рудо Поле", с.Стрновец, Општина Старо Нагоричане, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за пренесување право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-одлуката со Агенцијата за катастар на недвижности и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 60

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата за продадено винско грозје, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Шпиље“, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Куманово (амбулантно возило, марка Цитроен, тип Џампер), во предложениот текст.

## Точка 63

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Куманово (амбулантно возило, марка Рено, тип Мастер), во предложениот текст.

## Точка 64

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за пожарникарството, поднесен од група пратеници и дава позитивно мислење по истиот.

## Точка 65

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 10 став 1 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија" бр.52/06, 54/07, 74/12 и 99/18), поднесено од пратеникот Трајчо Димков и притоа го утврди следното мислење:

Во Република Северна Македонија согласно Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија" бр.52/2006, 54/2007, 74/2012 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019) се доделуваат државни награди со кои се одава општествено признание за особено значајни остварувања од интерес на државата во областа на стопанството, науката, уметноста, воспитанието и образованието, културата, техничката култура, спортот, здравствената, социјалната и хуманитарната дејност, заштитата на човековата околина, публицистиката и новинарството.

Согласно член 4-в од Законот за државните награди, со наградата „8 Септември" се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот. Во една година можат да се доделат најмногу до пет награди, од кои една награда ќе биде за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план.

Согласно член 4-г став (1) од Законот, со награда за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план се одава признание на тренери (селектори и тренери) и спортски работници, заради промовирање на Република Северна Македонија во светот со остварени високи спортски резултати во меѓународниот спорт со кои се дава исклучителен придонес за развој на спортот во Република Северна Македонија.

Иницијативата за доделување на наградата од ставот (1) на овој член ја доставува матичната национална спортска федерација, поддржана од најмалку десет национални спортски федерации.

Согласно член 10 став (1) од Законот, поединец, група творци или екипа и член на група творци или екипа, може да биде добитник на иста награда за остварување во иста област само еднаш.

Согласно член 11 од Законот, иницијатива за доделување на награди можат да поднесат установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и граѓани.

Согласно член 12 од Законот, наградите ги доделуваат одбори за доделување на наградите кои ги именува Собранието на Република Северна Македонија.

Согласно член 13 за следење и увид во остварувањата и за давање предлози, одборите обврзуваат стручни комисии.

Согласно член 16 од Законот, на награден поединец му се доделува диплома и паричен износ. Согласно член 17 став (4) и став (5) паричниот износ на наградата „8 Септември" е десет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци на тековната година. Паричниот износ на наградата „8 Септември" за животно дело е доживотна месечна исплата на една просечна плата исплатена во последните три месеци на тековната година.

Од цитираните одредби од Законот за државните награди, видно е дека за достигнувања во областа на спортот, со Законот е востановена една државна награда „8 Септември". Во текот на една година може да се доделат пет награди „8 Септември" од кои една е за животно дело.

Добитници на награда „8 Септември" можат да бидат спортисти, тренери и спортски работници, додека добитници на наградата „8 Септември" за животно дело, може да бидат само тренери (тренери и селектори) и спортски работници.

Со оглед на тоа што согласно членовите 35, 39, 44, 50 и 50-б од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 41/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019) на врвните спортисти им се оддава признание согласно Законот за спортот, а добиваат и соодветен паричен надомест, врз основа на остварените резултати и утврдени критериуми, во Законот за државните награди, не е содржан основ спортистите да можат да бидат добитници на награда „8 Септември" за животно дело.

Со Уредбата за определување на условите и начинот на доделување на Национално спортско признание за врвно спортско остварување и висината на паричниот надоместок („Службен весник на Република Македонија" бр.127/2008 и 82/2016), уредени се условите и начинот за доделување на Национално спортско признание за врвно спортско остварување, како и утврдување на висината на доживотниот паричен надоместок исклучиво за врвните спортисти.

Законот за државните награди дава основ тренери (селектори и тренери) и спортски работници да ја добијат наградата „8 Септември" и за остварувања во областа на спортот, но и за животно дело доколку ја промовирале Република Северна Македонија во светот со остварени високи спортски резултати во меѓународниот спорт со кои се дава исклучителен придонес за развој на спорт.

Со Законот за државните награди за достигнувања во областа на спортот е востановена една државна награда „8 Септември“, во рамките на која на годишно ниво може да се доделат најмногу до пет награди, од кои една е за животно дело.

Оттука, јасна и недвосмислена е одредбата од член 10 став (1) од Законот според која поединец, група творци или екипа или член на група творци или екипа може да биде добитник на иста награда за остварувања во иста област, само еднаш.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија смета дека член 10 став (1) од Законот за државните награди е јасен и прецизен и не е потребно негово автентично толкување.

<u>Точка 66</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Петар Баришиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.92/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 и дел од член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/2013) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, се предлага на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 и дел од член 3 (додадениот член 35-а, став (2) алинеи 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/2013) од причина што истиот е во спротивност со членовите 1036 до 1058 од Законот за облигационите односи, со глава 9 од Законот за добивка, со глава 14 од Законот за додадена вредност, со член 279 од Кривичниот закон, со член 27 од Законот за трговските друштва, со членови 8 став (1) алинеја 3, член 14 став (1) и со член 55 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со наводите од Иницијативата, во конкретниов случај, нема основ од оценување на уставноста на Законот за даночна постапка, со оглед на тоа што подносителот во Иницијативата упатува на постоење на колизија помеѓу Законот за даночна постапка со Законот за облигационите односи, Законот за добивка, Законот за данокот на додадена вредност, Кривичниот законик и Законот за трговските друштва, а не на тоа дали Законот за даночна постапка е донесен во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија. Ова, имајќи ги предвид и одредбите на Деловникот на Уставниот суд согласно кој, предмет на оценување на уставност не претставува и оценката на усогласеност помеѓу законите.

Во врска со наводите од Иницијативата со Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006....35/2018), се уредува општото даночно право, постапката за утврдување на данок, постапката на контрола на данок, постапката на наплата на данок, правата и обврските на даночниот обврзник и други прашања од даночната постапка. Овој закон

се применува на даноците, другите јавни приходи, на споредните даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи, како и на паричните казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, кривичните и управните постапки во корист на Република Северна Македонија.

Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека според него е спорен член 2 од измените и дополнувањата на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.187/2013), со кој се дополнува член 34 од Законот за даночна постапка со зборовите: „и за плаќање на задржаниот данок во смисла на Законот за данокот на добивка", од причина што смета дека лицата кои што се одговорни за пресметувањето и за плаќањето на данок по одбивка, во смисла на Законот за персонален данок од доход и за плаќање на задржаниот данок во смисла на Законот за данокот на добивка се гарант за пресметувањето и за плаќањето на овој данок. Имено, тој тврди дека „данокот на добивка зависи од многу фактори од искажаните приходи намалени за трошоци на работењето. Со признаени сметководствени стандарди и Закон за добивка, ненаплатените побарувања или застарени ненаплатени побарувања даночен обврзник - должник може да ги отпише и во ваков случај отпишаните побарувања даночен обврзник - должник е должен во даночен биланс отпишаните побарувања да ги прикаже како приход и да го плати данокот на добивка. Ваков данок на добивка е последица на деловен ризик кој се јавува во работењето на даночен обврзник - должник.."

Меѓутоа, членот 34 од Законот за даночна постапка се однесува на гаранцијата при одбивка и истиот гласи: „Лица кои што се одговорни за пресметувањето и за плаќањето на данок по одбивка, во смисла на Законот за персонален данок од доход и за плаќање на задржаниот данок во смисла на Законот за данокот на добивка, гарантираат за пресметувањето и за плаќањето на овој данок."

Подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е во спротивност со Законот за данокот на додадена вредност и Законот за данокот на добивка. Со Законот за данокот на додадена вредност, како материјален закон, се воведува данокот на додадена вредност и се уредува неговото пресметување и плаќање. Во истиот се уредени сите потребни елементи за оданочување како што се предмет на оданочување, даночна основа, даночни ослободувања, даночни стапки, време на настанување на даночен долг, даночен должник, одбивка на претходниот данок, оданочување каде се регулирани: даночниот период, пресметување на данокот, поднесување на даночна пријава, плаќање на данокот, враќање на данок, регистрација, исто така со законот се регулирани и административните обврски.

Имајќи ја предвид целокупната содржина за субјектите инволвирани во прометот особено за даночните обврзници и за даночните должници се предвидени права и обврски. Следствено за неисполнување на обврските кои ги имаат субјектите, а кои произлегуваат од Законот за данокот на додадена вредност се предвидени казнени одредби. Истите се содржани во главата XIV. Казнени одредби. Секоја од предвидените казни/глоби е поврзана обврска која требало да

ја исполни соодветниот субјект чие неисполнување е казниво со соодветната одредба, вклучувајќи го плаќањето на данокот на додадена вредност од страна на даночниот должник.

Со Законот за данокот на добивка се уредува начинот на оданочување на добивката, стапката по која се пресметува данокот на добивка, обврзниците за плаќање на данокот на добивка, даночната основа за пресметување на данокот на добивка, роковите за плаќање на данокот на добивка, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на добивка, а додека пак општото даночно право, постапката на утврдување на данок, постапката на контрола на данок, постапката на наплата на данок, правата и обврските на даночниот обврзник и други прашања од даночната постапка со Законот за даночна постапка.

Согласно член 42 од Законот за данокот на добивка, Управата за јавни приходи врши контрола на начинот на пресметувањето, уплатувањето и враќањето на данокот на добивка.

Од погоре наведеното, а поврзано со оспорената одредба од Законот за даночна постапка јасно произлегува дека оние лица кои се одговорни да го пресметаат и платат данокот по одбивка согласно Законот за персоналниот данок од доход и плаќање на задржаниот данок во смисла на Законот за данокот на добивка гарантираат за истото, бидејќи тие најнепосредно се во позиција истиот да го пресметаат и уплатат. Имено, во овој член не се говори за обврската дали и кога тие ќе го уплатат данокот, туку е поопширна и се однесува на точното пресметување на споменатите даноци, а подоцна и нивната уплата врз основа на точно утврдениот данок од нивна страна.

Со ваквиот начин на пропишување на основ за гаранција при одбивка во Законот за даночна постапка, се обезбедува законитост во постапувањето на Управата за јавни приходи и унифицираност на Законот за даночна постапка, Законот за данокот на добивка со Законот за данокот на додадена вредност во делот на извршувањето на паричните казни изречени во кривична и прекршочна постапка имајќи предвид дека станува збор за давачки кои се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

Имено, и подносителот на Иницијативата во една реченица од самиот текст наведува дека: „Член 34 од Законот за даночна постапка не е спорен на околноста што при исплата на лични примања на физички лица се пресметува и персоналниот данок, исплатувач е обврзан при исплатата да го задржи и уплати персоналниот данок".

Понатаму, подносителот на Иницијативата ја оспорува одредбата од член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на република Македонија" бр.187/2013) кој претставува член 35-а од консолидираниот текст на законот, со кој се утврдува гаранцијата при откриен или неплатен данок.

Подносителот на Иницијативата го оспорува додадениот член 35-а, став (2) алинеи 1 и 2 од Законот за даночна постапка.

Согласно член 35-а од Законот, за даночниот долг на даночниот должник, утврден со решение на Управата за јавни приходи или неплатен кај поведување на постапка за присилна наплата, наплатата со сиот свој имот ја гарантира лицето кое со своите одлуки влијаело врз стопанските активностите на даночниот должник, од кои произлегол даночниот долг. Лице чии одлуки влијаат врз активностите на даночниот должник е лицето кое: има удел во даночниот обврзник кој е должник, сразмерно на процентот на уделот, лицето кое го застапува даночниот обврзник кој е должник, во висина која одговара на товарот кој произлегува од даденото овластување за застапување, има долг кон даночниот обврзник кој е должник, до висина на долгот кон него и го презема долгот, до висина на преземениот долг даден во нотарски заверената изјава. По исклучок за пристигнатиот а неплатен долг на даночниот обврзник кој е должник, настанат по основ на самооданочување или утврден од страна на Управата за јавни приходи, лицата не се гаранти за неплатениот данок, доколку докажат дека биле оневозможени за плаќање на пристигнатиот данок поради претходно нерешено правно прашање за кое е надлежен државен орган или суд. Со решение донесено во постапка за утврдување на даночна гаранција од членот 83 од овој закон, Управата за јавни приходи го определува лицето кое гарантира за даночниот долг.

Со Иницијативата се предлага поведување на уставност на Законот за даночна постапка во однос на Законот за трговските друштва од причина што како што наведува во член 27 од Законот за трговските друштва, трговското друштво одговара за своите обврски со сиот свој имот. Содружниците на јавното трговско друштво и комплементарите во командитното друштво и во командитното друштво со акции, одговараат за обврските на друштвото неограничено и солидарно со сиот свој имот.

Содружниците на друштвото со ограничена одговорност и акционерите на акционерското друштво како и командиторите во командитното друштво и командитното друштво со акции не одговараат за обврските на друштвото, ако со овој закон поинаку не е определено.

Понатаму се наведува дека согласно член 241 од истоимениот закон управителите лично и неограничено одговараат спрема друштво и трети лица за работење спротивно на Законот и други прописи.

Имено, според член 21 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004...239/2018) имотот создаден со вложувања во трговското друштво се изразува во пари и ја претставува основната главнина на друштвото. Основната главнина на трговското друштво гласи во денари или во странска валута и задолжително се наведува во меморандумот. Правата и обврските што содружникот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина на трговското друштво се негов удел во друштвото (во натамошниот текст: удел).

Правата и обврските што акционерот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина на акционерското друштво, односно на командитното друштво со акции се негов удел во друштвото за којшто добива акции (во натамошниот текст: акции).

Лицата кои вложуваат во јавното трговско друштво, во командитното друштво, во друштвото со ограничена одговорност и комплементарите во командитното друштво со акции се содружници на друштвото (во натамошниот текст: содружници). Лицата кои вложуваат во акционерското друштво и командиторите во командитното друштво со акции се акционери на друштвото (во натамошниот текст: акционери).

По однос на одговорноста за обврските, во членот 27 од Законот за трговските друштва стои дека трговското друштво одговара за своите обврски со сиот свој имот.
Содружниците на јавното трговско друштво и комплементарите во командитното друштво и во командитното друштво со акции, одговараат за обврските на друштвото неограничено и солидарно со сиот свој имот.

Содружниците на друштвото со ограничена одговорност и акционерите на акционерското друштво како и командиторите во командитното друштво и командитното друштво со акции не одговараат за обврските на друштвото, ако со овој закон поинаку не е определено.

По однос на погоре наведеното оспорените законски одредби од Законот за даночна постапка се јасни и недвосмислени и се однесуваат на физички и на правни лица. Имено, со механизмот за заштита на правата и интересите на Република Северна Македонија согласно оспорените законски решенија се обезбедува поголема ефикасност и економичност во заштитата на правата и интересите на Републиката и од таа причина наводите дека Законот за даночна постапка е во спротивност со Законот за трговските друштва се неосновани во целост.

Подносителот на Иницијативата исто така предлага поведување на уставност на Законот за даночна постапка во однос на Законот за облигационите односи од причина што истиот е во спротивност со член 1036 до 1058 од Законот за облигационите односи, за што во напишаниот текст нема наведено причина, образложение и објаснување за истото, освен дека Законот за облигационите односи со глава 33 пропишува институт гарант - гаранција која институција може да се оствари само врз база на доброволна основа со склучување на договор а никако со законска присилба.

Од наведеното по однос на Законот за облигационите односи, јасно е дека наводот на подносителот на Иницијативата дека институтот гарант - гаранција не се врши на доброволна основа туку на присилна е апсолутно неточна, од причина што самиот институт гарант - гаранција основот не го црпи од Законот за даночна постапка. Па оттука, одредбите на Законот за облигационите односи по однос на гаранцијата не би можеле да се ставаат во корекција со одредбите на Законот за даночна постапка затоа што регулираат опсежни односи.

По однос на наведената Иницијатива, подносителот исто така напоменува дека Законот за даночна постапка е во спротивност со член 279 од Кривичниот законик каде, како што вели подносителот на Иницијативата се санкционира даночно затајување за кое затајување е запретена казна од најмалку четири години затвор.

По однос на ова, нејасно е тврдењето на подносителот од причина што согласно член 279 од Кривичниот законик кој гласи - Даночно затајување, јасно е наведено дека:

„Тој што со намера самиот или некој друг да одбегне целосно или делумно плаќање данок, придонес или некоја друга давачка на која е обврзан со закон, дава лажни податоци за своите приходи или за приходите на правното лице, предметите или другите факти од влијание за утврдување на износот на ваквите обврски или тој што со иста намера во случај на задолжителна пријава не пријави приход, односно предмет или друг факт од влијание за утврдување на ваквите обврски, а износот на обврската е од поголема вредност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години и со парична казна. Ако износот на обврската од ставот 1 е значителен, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години со парична казна. Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна".

Во таа насока, доколку се анализираат изнесените законски одредби може да се забележи дека интенција на законодавецот во 2013 година била со оспорената одредба да се допринесе кон подобра наплата на пристигнати и неплатени даночни долгови од страна на даночните должници со гаранцијата при откриен или неплатен данок, како и заштита на даночните побарувања кои ги има државата од страна на физички и правни лица. Затоа, во случај да не е можно да се реализира даночната обврска, пропишана е оспорената законска норма со цел темелно, целисходно и целосно да се заштити државата од неплаќачите и неплаќањето на данок. Во конкретниот случај, Буџетот на Република Северна Македонија треба да биде најмалку оптимално подмирен, како што е предвидено секоја година кога истиот се донесува од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Затоа, пропишаното правно правило по однос на даночната гаранција при откриен или неплатен данок ќе значи повреда на уставното начело на еднаквоста на сите субјекти на пазарот, бидејќи јасно е дека пропишаното е во функција на обезбедување поголема фискална дисциплина во однос на плаќањето на јавните давачки како општа обврска на сите субјекти, која основот го црпи од член 33 од Уставот на Република Северна Македонија.

Сето ова оди во насока на потврдување на фактот дека Законот за даночна постапка воопшто не е во колизија со одредбите на Законот за трговските друштва, Законот за облигационите односи и Кривичниот законик туку напротив истиот го подобрува и надополнува во неговата имплементација по однос на одговорноста на друштвата при плаќање на своите фискални обврски спрема државата.

Управата за јавни приходи има право да преземе мерки за фискална дисциплина и редовна наплата на давачките. На овој начин не се нарушува еднаквоста на граѓаните и правните субјекти на пазарот туку напротив се влијае и се обезбедува нејзино остварување во однос на сите граѓани и субјекти кои вршат дејност на пазарот и се гарантира еднаквата правна положба на сите субјекти.

Оттука, јасна е оправданоста за постоење на ваков тип на механизам кој има за цел да влијае позитивно врз наплатата на јавните приходи, па оттука се укажува на тоа дека Законот за даночна постапка е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Со член 55 од Уставот на Република Северна Македонија се регулираат основите на економските односи со што се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Согласно член 33 од Уставот на Република Северна Македонија секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон. Оттука произлегува дека Законот за даночна постапка не е во спротивност со Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Во контекст на горенаведеното, а по однос на владеењето на правото како темелна вредност втемелена во Уставот на Република Северна Македонија, Законот за даночна постапка е во согласност со член 8 став (1) алинеја 3, член 14 став (1) и со член 55 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија и поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за оценување на уставноста на член 2 и дел од член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.187/2013) поднесена од Петар Баришиќ од Скопје, како неоснована.

## Точка 67

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Маргарета Куртиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.93/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 123-а од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 123-а од Законот за семејството, со кој како што е наведено во предметната иницијатива се повредуваат одредбите од член 8 став 1 алинеите 1, 3 и 4, член 9, член 25, член 54 ставовите 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како и дека оспорениот член е спротивен, односно не е во согласност со членовите 3, 7, 8 и 14 од Европската конвенција за човекови права.

Согласно член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 4 од Уставот на Република Северна Македонија темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија меѓу другите се и: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот; владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 25 од Уставот на Република Северна Македонија, на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Согласно член 54 ставови 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Согласно член 7 од Законот за семејството, родителството настанува со раѓање и посвојување (став 1). Оспорување и утврдување на родителството е дозволено под услови и на начин утврден со овој закон (став 2).

Согласно член 95 став (1) Законот за семејството, со посвојувањето се создаваат односи какви што настануваат со раѓањето (потполно посвојување) или само односи што постојат меѓу родители и деца (непотполно посвојување).

Согласно член 97 став (1) од Законот за семејството посвојувањето може да се заснова само ако е во согласност со најдобриот интерес на малолетникот.

Согласно член 113 од Законот за семејството, со потполното посвојување меѓу посвоителот и неговото семејство и посвоеникот и неговото потомство се создаваат права и должности кои постојат меѓу крвни роднини (став 1). Со потполното посвојување престануваат заемните права и должности меѓу посвоеното дете и неговото поранешно семејство (став 2).

Согласно член 116 од Законот за семејството, потполно посвојување не може да се раскине.

Согласно член 123-а од Законот за семејството, податоците за засновани посвојувања се службена тајна.

Во предметната Иницијатива е наведено дека со оспорениот член настанува ограничување на правото на посвоените деца да добијат податоци за посвојувањето и за биолошкото потекло во било кој период од нивниот живот, поради што на овој начин Законот за семејство продуцира конфликт на правата на посвоителите, наспроти правата на посвоените деца и е во спротивност со Уставот и меѓународните закони.

Меѓутоа, согласно Законот за семејството со оглед на тоа што во истиот е утврдено дека родителството настанува со раѓање и посвојување, што значи дека тие два процеси законски се изедначени, односно дека со потполното посвојување се создаваат односи какви што настануваат и со раѓањето, како и дека со потполното посвојување меѓу посвоителот и неговото семејство и посвоеникот и неговото потомство се создаваат права и должности кои постојат меѓу крвни роднини, а истовремено престануваат заемните права и должности меѓу посвоеното дете и неговото поранешно семејство, кои настануваат и со промените во матичната книга на родените за посвоеникот.

Република Северна Македонија е потписник на Европската конвенција за посвојување на деца која ги утврдува условите кои треба да бидат исполнети од страна на посвоителите и детето кое се посвојува, лицата кои треба да дадат согласност за посвојување и валидноста на посвојувањето, потребата од водење на претходна постапка за процена на подобноста на посвоителите и мотивите за посвојување, потребата од сместување на детето на адаптивен период во семејството на посвоителите, правата и должностите на посвоителите и детето по заснoвањето на посвојувањето, како и условите под кои може да се повлече или поништи посвојувањето.

Во членот 20 од наведената Конвенција е утврдено дека „Посвојувачот и посвоеното лице треба да бидат во состојба да прибават документ кој ќе содржи изводоци од јавна евиденција, кои ќе го потврдат фактот, датата и местото на раѓање на посвоеното лице, но кој нема изрично да го открива фактот за посвојување или идентитетот на неговите претходни родители.“

Оттука, законодавецот имајќи го предвид фактот дека со посвојувањето се постигнува општествена заштита на децата и се овозможува создавање на однос родител дете каков што настанува со раѓање, а при тоа се дава и можност на посвоителите да се остварат како родители, го утврдил членот 123-а, според кој податоците за засновани посвојувања се службена тајна.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека член 123-а од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015) е во согласност

со член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 4, член 9, член 25, член 54 ставови 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му препорачува на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 123-а од Законот за семејството.

**<u>Точка 68</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018), поднесена од Новица Наков од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека со член 18 став (2) од Законот за извршување, се дозволува извршување, а во пракса и се спроведува извршување од страна на извршителите, на казнена камата и во случаи кога должниците во оставениот рок од страна на судовите доброволно ја исполнуваат нивната обврска односно ги плаќаат трошоците на постапката на доверителот.

Според подносителот на иницијативата овој член ги принудувал учесниците во судските спорови под страв да не платат камата да плаќаат трошоци за постапка во првостепените судови додека трае постапката во второстепените судови на која што може да се одлучува и за истите трошоци, а и за други околности, додека од друга страна поука за тоа дека е така никаде нема во првостепените пресуди, што се создавала правна несигурност и голема финансиска штета за граѓаните и правните лица.

Подносителот наведува дека овој став можеби би имал смисла ако гласел од „датумот на клаузулата за извршност до наплатата", но вака како што моментално гласел значело дека каматата за процесните трошоци доверителот може да ја бара и во пракса да ја добие од денот на донесувањето на првостепената пресуда, без разлика на тоа што ќе се случува во постапката и колку таа ќе трае што предизвикувало ситуации каматата да биде неколкукратно повисока од износот на процесните трошоци дури и во услови на доброволно исполнување на обврската од страна на должникот.

Со ваквата одредба подносителот смета дека се повредени одредбите од член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 51 и член 54 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што предлага Уставниот суд итно да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија преземени врз основа на оспорениот член, а потоа да донесе одлука за поништување на оспорениот член, бидејќи до негово понатамошно извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

Неосновани се наводите на подносителот на иницијативата дека член 18 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018), не се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругото, е утврдено владеењето на правото.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 54 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Според член 18 став (2) од Законот за извршување, ако во извршната исправа се определени и трошоците на постапката, извршителот, по предлог од доверителот, ќе пресмета и ќе изврши наплата на законска казнена камата на износот на определените трошоци согласно пропишаната стапка, од денот на донесувањето на извршната исправа до наплатата.

Имено со членот 18 се пропишува правото на доверителот да бара да му се пресмета законска казнена камата на износот на определените трошоци во постапката, која е должна да ги надомести страната која го изгубила спорот.

Обврската за плаќање на законска казнена камата произлегува од Законот за облигациони односи.

Според член 266 став (1) од Законот за облигационите односи, должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска долгува, покрај главнината, и казнена камата.

Во конкретниот случај во врска со примената на член 18 став (2) од Законот за извршување, правото на казнена камата настанува со денот на донесувањето на извршната исправа.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорената одредба од член 18 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018), е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 51 и член 54 став

3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018), како и посебниот предлог за привремена мерка за запирање на извршување на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорениот член.

**Точка 69**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Митко Чавков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.100/2019 за оценување на уставноста на член 1 и член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018) за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Министерството за правда да достави мислење по истата.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисаровски од Скопје за размена на недвижен имот со Имотен лист бр. 4167 на КО Илинден на КП бр. 969 дел 2 викано место/улица Село и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 72**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 15 јули 2019 година до 21 јули 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја разгледа Програмата за одбележување на Денот на Републиката - 2 Август и заклучи:

1) Ја прифати Програмата за одбележување на Денот на Републиката 2 Август.

2) Се задолжува Министерството за надворешни работи да обезбеди едно лице за протокол за положувањето на цвеќе во Крушево по повод одбележувањето на Денот на Републиката 2 Август.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за промена на дигиталните записи и јавните табли на институциите согласно Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции кои немаат склучено договори за вршење општи и заеднички услуги за 2019 година со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и кои до сега немаат извршено промена на јавните табли во однос на името на државата, истото да го направат веднаш, на свој трошок, согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Законот за употреба на јазиците.

2) Се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции кои до сега не извршиле промена на дигиталните записи (логоа, меморандуми, електронски комуникации, веб - страници, медиуми итн.) во однос на името на државата, веднаш да извршат промена на истите, согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија.

**4.** Владата по предлогот за изменување на Заклучокот од Сто четириесет и третата седница на Владата, бр. 45-575/1 од 9 јули 2019 година, по Информацијата со барање за донесување на закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври - Еурокомпозит" АД Прилеп, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии да подготви и во рок од 15 дена до Владата да достави Предлог-закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври-Еурокомпозит" АД Прилеп.".

**5.** Владата на предлог на предлагачот го повлече од дневен ред Барањето за изземање од обврска доставено од Министерството за труд и социјална политика под бр.14-5206/1 од 16.7.2019 година, по однос на Заклучок донесен на 50-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23.1.2018 година, точка 103.

**6.** Владата го задолжи Министерството за одбрана да подготви и до Владата да достави информација со листа на објекти кои припаѓаат на Армијата на Република Северна Македонија, а што Армијата не ги користи/не се во употреба, со цел да се разгледа можноста истите да се искористат за развојни цели (станови за офицери, старечки домови, универзитети, деловни објекти и сл.).

**7.** Владата по Предлогот за изменување на Заклучок од Сто четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 јули 2019 година, Точка 113, Прашања и предлози, по Предлог-спогодбата за вонсудско решавање на спорови меѓу Владата на Република Северна Македонија и „Макпетрол“ АД Скопје, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„-Се овластува Државниот правобранител на Република Северна Македонија, во име на Владата, во рок од три дена да ја потпише Спогодбата за вонсудско решавање на спорови меѓу Владата на Република Северна Македонија и „Макпетрол“ АД Скопје.“.

**Точка 73**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за период јануари - март 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето од Министерството за финансии на потребата надлежните органи на Друштвото да преземаат мерки за намалување на непродуктивните расходи.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на МЕР АД Скопје за периодот од 1.10.2018 година до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето од Мислењето на Министерството за финансии - со оглед дека Друштвото сеуште не остварува приходи од дејноста, надлежните органи на Друштвото да преземаат мерки за намалување на износот на непродуктивните расходи во вкупниот износ на расходи.

**Точка 75**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот, во рок од 15 дена, да достави информација до Владата за состојбата со локомотивите со правно и техничко образложение зошто е испорачана само една од договорените 4 локомотиви, како и за моменталната состојба со патничките гарнитури со причини зошто не е направен технички прием за истите. Во Информацијата да се даде посебен осврт за правните можности, со наведен надлежен арбитражен суд.

## Точка 76

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), структурата по банки-учеснички, како и состојбата на салдото-редовен полугодишен извештај на Развојна банка на Северна Македонија АД - Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 77

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделство (кредити од компензациони фондови) - редовен полугодишен извештај, како материјал за информирање.

## Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за објавата за продажба на недвижни ствари во Куманово, Ваксинце и Лојане и движни ствари - три машини (имот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат Боро Петрушевски-Папучар АД Куманово), по пат на електронско јавно наддавање, ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го објави огласот за продажба на недвижни ствари во Куманово, Ваксинце и Лојане и движни ствари три - машини, по пат на електронско јавно наддавање.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности за воспоставување на Регистар за малигни заболувања, како материјал за информирање.
Истовремено Владата го задолжи Министерството за здравство на секои шест месеци до Владата да доставува информација за прогрес на активностите за воспоставување на Регистарот за малигни заболувања.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за можноста од укинување на обврската за објавување на јавен оглас за првите вработувања во ново отворените фирми во насока на подобрување на деловното опкружување согласно со препораките на Извештајот на Doing Business 2019 година на Светска банка, како материјал за информирање.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за модернизација на единствениот национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР и воведување на нови форми за вклучување во процесот на креирање на политики, како материјал за информирање.

## Точка 83

Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог-закони од страна на министерствата за 2018 година, со Прашалник за оценка на процесот на консултации со засегнатите страни при подготовка на поединечни предлог-закони, како материјал за информирање.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на заем за развојни политики од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии веднаш да ја извести Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за прифаќање на нивниот предлог кој се однесува на обезбедување на заем за развојни политики (ДПЛ заем) во износ од 125 милиони евра и да побара од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка итно одржување на преговори за Договорот за заем за развојни политики.

2. Се задолжува Министерството за финансии, по потпишувањето на Усогласениот записник од преговорите за заемот за развојни политики, да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики.

## Точка 85

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за национална безбедност и условно ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство и да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-текст на резолуција за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028, ја усвои Информацијата и го утврди текстот на Предлог-резолуцијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да ја преработи Предлог-резолуцијата за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028, во делот „Ценејќи ја поддршката покажана од земјите членки на НАТО за членство на Република Северна Македонија во Северноатлантската алијанса покажана преку брзата ратификација на Протоколот за членство на Република Северна Македонија“, каде наместо зборовите „преку брзата ратификација“ да стојат зборовите „преку досегашните ратификации“.

2. Пречистениот текст на Предлог-резолуцијата за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028, согласно член 184 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за доделување на средства од буџетот на Министерството за одбрана на Општина Неготино, за поправка на локалниот пат оштетен за време на одржувањето на вежбата „Одлучен Удар 19“, ја усвои и заклучи Министерството за одбрана, во соработка со Општина Неготино да направат детална финансика проценка на средствата потребни за реконструкција на локалниот пат и потоа до Владата да достават соодветна Предлог-одлука.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со платите и надоместоците на плати како и други проблеми со кои се соочуваат припадниците на територијалните противпожарни единици на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), во рок од една недела до Министерството за одбрана да достави извештај за потрошените средства за трансфери во првите шест месеци од годината.

2. Се задолжува Меѓуресорската работна група (формирана со Решение бр. 02-2/138 од 8 јули 2019 година донесено од министерот за одбрана, а врз основа на Заклучокот број 1 од „точка 26“ од Изводокот од Нацрт-записникот од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, бр. 44-11502/1-18 и 45-1448/1 од 5 март 2019 година), која има задача да изнајде законски решенија за надминување на слабостите во системите за управување со кризи и заштита и спасување, интегрално да го опфати и начинот на идното функционирање на територијалните противпожарни единици (ТППЕ), односно надлежностите,

опремувањето, платите и надоместоците, вработувањето, обуката и слично, со што на долгорочен план ќе се реши статусот на пожарникарите-спасители.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со писмото од Европската комисија за усогласеноста на Законот за финансиска поддршка на инвестиции со правилата на ЕУ за државна помош, доставено до Секретаријатот за европски прашања на 13 јуни 2019 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Комисијата за заштита на конкуренција и Секретаријатот за европски прашања да направи детална анализа на добиените забелешки од Европската комисија и да оформи став и идни чекори, најдоцна до 31 јули 2019 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја координира подготовката и да организира технички состанок со Европската комисија за размена на информации и презентирање на идните чекори до крајот на август 2019 година.

**Точка 90**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

*

*　　　*

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**